# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1, став 3 и став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од подносител – физичко лице, Државната комисија за спречување на корупцијата на 24-та седница одржана на ден 15 Ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2342/1 од 09.04.2019 година, доставена од подносител – физичко лице, за коруптивни дејствија и влијание во постапката и при донесување на одлука од страна на ----------------- суд ------------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2342 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2342/1 од 09.04.2019 година.

Предметот со број 12-2342 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија), со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2342 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2342/1 од 09.04.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител- физичко лице кој до Државната комисија не доставил адресни и други податоци за контакт и достава на писмена.

Со пријавата се изразуваат сомневања за коруптивни дејствија и влијание во постапката, односно при донесување на одлука од страна на ---------------- на --------------- во конкретен случај во кој подносителот на пријавата е оштетена страна, а кои се темелат на претпоставка за можно влијание од ---------------.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот истакнати во пријавата од аспект на веќе водената, во периодот 2010-2011 година, ----------------постапка против две лица -------------, од кои едното е ------------------, како и од аспект на изнесената поврзаност на исходот на постапката со --------------- припадност и --------------- на посочените две лица.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, земајќи во предвид дека не се работи за конкретно посочени активности за злоупотреба на јавни овластувања, туку само за претпоставка за можни влијанија од -------------, оцени дека во конкретниот случај нема надлежност да

Бр. 12 - 2342/2
28.11. год. 2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

се впушта во оценка на суштината на донесените судски одлуки, ниту има мандат за нивно преиспитување, дотолку повеќе што предметната одлука на ------------- суд ------------ е донесена во 2011 година, а за посоченото влијание од страна на посочениот ------------------ нема конкретни елементи врз основа на кои истото со сигурност би се потврдило.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 15 Ноември 2019 година под бр. 12- 2342/2**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Доставено до :
- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk